ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

ФФМ

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО-ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

**БРОЈ 26 ГОДИНА 31 ДАТА 01.07.2013 ГОДИНА**

## *СОДРЖИНА*

*- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОФС*
*- ОДЛУКИ ОД ОРГАНИТЕ НА ФФМ*



## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КИЧЕВО

**Седница од 28.06.2013 година**

*** Склучување договор за привремено отстпување:**

ФК "Напредок АД" од Кичево, ФК "Тетекс АД" Тетово и фудбалерот Балажи Ш. Куштрим склучија договор за привремено отстапување на фудбалер во времетраење од 6 (шест) месеци, до Зимски преоден рок 2014 година.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ТЕТОВО

**Седниц од 28.06.2013 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "ТЕТЕКС АД" Тетово: Балажи Ш. Куштрим од ФК "Напредок АД" Кичево, чл. 35/8.

*** Раскин на професионален договор:**

Фудбалскикот клуб "Шкендија АД" од Тетово и фудбалерот Усеини С. Мухамед, го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, склучен на 06.03.2013 година, Спогодбено.

*** Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Тетово, фудбалерите: Бериша М. Седат и Усеини С. Мухамед од ФК "Шкендија АД" од Тетово и Силјановски В. Горан од ФК "Ренова АД" од Тетово, поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА

**Седница од 28.06.2013 година**

*** Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Струга фудбалерот Трајкоски Р. Филип од ФК "Исакра Јунор" од с. Мороишта, поради преминување со регистрција на територија на друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ "ГАЗИ БАБА" СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 28.06.2013 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "МЕТАЛУРГ АД" Скопје: Бериша М.Седат од ФК"Шкендија АД" Тетово, по чл.35/10.
ФК "ВАРДАР АД" Скопје: Јаневски Г. Филип од ФК "Работнички АД" Скопје, по чл. 35/3.

*** Склучување на професионален договор:**

ФК "Металург АД" Скопје и фудбалерот Бериша М. Седат, склучија договор за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година, до Летен преоден рок 2014 година.

*** Раскин на професионален договор:**

ФК "Вардар АД" Скопје и фудбалерот Луис Бонифацио Педро Жоао, го раскинаа договорот за професионлано занимавање со фудбал, Спогодбено.

*** Поништување на стипендиски договор:**

Се поништува стипендискиот договор склучен помеѓу ФК "Скопје" од Скопје и фудбалерот Јашаровски А. Ален, објавен во "Макфудбал" број 24/2013, бидејќи не е во согласност со член 61 став 2 од Правилникот за регистрација, статус и трансвер на фудбалери на Фудбалската Федерација на Македонија.

*** Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС "Гази Баба" Скопје, фудбалерите: Луис Бонафицио Педро Жоао од ФК "Вардар АД" од Скопје, Рајковчевски С. Ненад и Јашароски Ален од ФК "Скопје" од Скопје поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

*** Раскин на договори за професионално тренирање:**

ФК "Вардар АД" Скопје и фудбалскиот тренер Слободан Мутибариќ од Скопје, Спогодбено го раскинаа договорот за професионално тренирање фудбал, склучен на ден 01.02.2013 година, заведен во ФФМ под број 03-204 од 21.02.2013 година.

ФК "Вардар АД" Скопје и фудбалскиот тренер Зефиќ Туш од Жегра, Косово, Спогодбено го раскинаа договорот за професиопнлано тренирање фудбал, склучен на ден 01.02.2013 година, заведен во ФФМ под број 03-205 од 21.02.2013 година.

*** Склучување на договор за професионално тренирање:**

ФК "Металург АД" од Скопје и фудбалскиот тренер Александар Васовски носител на УЕФА А диплома од Скопје, склучија договор за професионално тренирање фудбал на сениорската екипа на клубот во времетраење од 1 (една) година и важи до 10.06.2014г.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУМИЦА

**Седница од 28.06.2013 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "ХОРИЗОНТ ТУРНОВО АД" с. Турново: Јашароски А. Ален од ФК "Скопје" од Скопје, по член 35/3.

*** <u>Регистрции кои не се објавуваат:</u>**

Не се објавува регистрцијата на фудбалерот Мутафчиискi П. Ратко од ФК "Сливнишки Херои" до Сливница, Р. Бугарија за ФК "Хоризонт Турново АД" од Турново, по член 35/11, бидејќи нема сертификат и одобрение од Меѓународна комисија на ФФМ. Не се објавува и неговиот професионален договор.

Не се објавуваат и професионалните договори склучени помеѓу ФК "Хоризонт Турново АД" од Турново и фудбалерите: Мавров Д. Митко, Ташев Д. Марјан, Митрев И. Деан, Јашароски А. Ален и Најденов Ѓ. Бојан, бидејќи не се во согласност со член 61 став 2 од Правилникот за регистрација, статус и трансвер на фудбалери на ФФМ.

Не се објавуваат стипендиските договори склучени помеѓу ФК "Хоризонт Турново АД" од Турново и фудбалерите: Илиев А. Томислав и Божинов Т. Никола, бидејќи не се во соглосност со член 61 став 2 од Правилникот за регистрација, стаус и трансвер на фудбалери на ФФМ.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ШТИП

**Седница од 28.06.2013 година**

*** Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Штип, фудбалерот Ташев К. Марјан од ФК "Баби" од Штип, поради преминување со регистрција на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## КОМИСИЈА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ФУБАЛЕРИ ОД МАЛ ФУДБАЛ

**Седница од 01.07.2013 година**

*** Поништување на регистрција:**

Се поништува регистрцијата на фудбалерот Арсовски М. Ѓокица-Џо од КМФ "Скопје 2011" од Скопје за КМФ "Бицо" од Куманово, по член 36/2, објавена во "Макфудбал" број 25/2013 од 24.06.2013 година и фудбалерот си останува член на својот клуб.

*** Регистрација на фудбалери:**

КМФ "ЖЕЛЕЗАРЕЦ" Скопје: Крстевски Л. Иван од КМФ "Бицо" Куманово, по чл. 35/10.
Арсовски М. Ѓокица-Џо од КМФ "Скопје 2011" од Скопје, по член 35/3.

КМФ "СКОПЈЕ 2011" Скопје: Илиев К. Трајче и Кадински Д. Дарко од КМФ "Железарец" од Скопје, по член 35/3.

КМФ "ШКЕНДИЈА" Тетово: Хашими Р. Агон, по член 35/1.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-944
01.07.2013 год
Скопје

Комисијата за жалби при Фудбалската федерација на Македонија во состав: Арнаудовски Душко-претседател, Кире Јачев-член, Арбен Борова – член постапувајќи по жалбата поднесена од ФК Дрита –АД од Боговиње н.бр. 03-895 од 20.06.2013 година против одлуката на Комисијата за натпревари бр. 03-870 од 13.06.2013 година а врз основа на член 70 и 71 од Правилникот за натпревари на ФФМ на седницата одржана на ден 28.06.2013 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. Се одбива жалбата поднесена од ФК Дрита АД од Боговиње н.б. 03-895 од 20.06.2013 година како неоснована.
2. Се потврдува Одлуката на Комисијата за натпревари бр.03-870 од 13.06.2013 година со која прекинатиот бараж натпревар за пополнување на Прва МФЛ помеѓу ФК Дрита АД-Боговиње и ФК Еуромилк од Скопје се регистрира со службен резултат 0:3 (службено за ФК Еуромилк – Скопје)
3. Одлуката е конечна, да се објави во Макфудбал.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Фудбалскиот клуб Дрита АД од Боговиње незадоволен од одлуката на Комисијата за натпревари на ФФМ бр. 03-870 од 13.06.2013 година со која прекинатиот бараж натпревар за пополнување на Прва МФЛ помеѓу ФК Дрита -Боговиње и ФК Еуромилк од Скопје се регистрира со службен резултат 0:3 (службено за ФК Еуромилк – Скопје), поднесе жалба до Комисијата за жалби на ФФМ со барање жалбата да биде уважена а прекинатиот натпревар да се преигра.

Постапувајќи по жалбата поднесена од страна на ФК Дрита АД од Боговиње, Комисијата ги разгледа наводите во жалбата како и матерјалните докази - записникот од натпреварот , дополнителниот извештај на делегатот на натпреварот, записникот од седницата на комисијата за натпревари кога е донесена обжалената одлука и донесената одлука од страна на првостепениот орган.

Комисијата констатира дека жалбата е благовремена и уредно таксирана.

Комисијата по однос на жалбените наводи дека е направена матерјална повреда во поглед на составот на Комисијата за натпревари утврди дека овие наводи треба да ги разгледа како претходно прашање како не би постоеле пречки за да се впушти во разгледување на жалбата односно останатите жалбените наводи.

Комисијата имаше посебен приод имајќи ја пред се обврската да по службена должност внимава на функционалната надлежност - составот на комисијата против чија одлука е поднесена жалба и во таа насока побара од Комисијата записник од седницата врз основа на кој е

донесена првостепената одлука. Од извршениот увид се констатира дека одлуката е донесена од колективно тело – Комисија за натпревари а во име на Комисијата одлуката ја потпишува претседателот па според тоа во веќе донесената првостепена одлука направен е технички пропуст во воведниот дел и образложението па место Комисија за натпревари стои претседател на комисија за натпревари.

Со укажување од страна на второстепената комисија до Комисијата за натпревари за корекција на погоренаправениот технички пропуст беа одстранети сите пречки за да може Комисијата да се впушти во утврдување на фактичката состојба и меритотно одлучува.

Комисијата по изведување на сите предложени докази кон жалбата утврди дека првостепениот орган одлучувал врз основа на правилно утврдена фактичка состојба со правилна примена на одредбите на Правилникот за натпревари и донел одлука како во изреката. Согласно утврдената фактичка состојба правилно ги применил одредбите на Правилникот за натпревари при што и правилно ги применил одредбите од истиот донесувајќи одлука со која прекинатиот бараж натпревар за пополнување на Прва МФЛ помеѓу ФК Дрита АД-Боговиње и ФК Еуромилк од Скопје се регистрира со службен резултат 0:3 (службено за ФК Еуромилк – Скопје).

Имено комисијата недвосмислено утврди дека непостои никаква алтернатива за донесување на одлука како што подносителот на жалбата има предложено, натпреварот ФК Дрита – ФК Еуромилк да се преигра, бидејќи екипа која без оправдани причини на своја одговорност го напушта натпреварот а не е во прашање виша сила службено го губи натпреварот понесувајќи ги сите последици согласно актите на ФФМ.

Врз основа на погоренаведеното а во согласност со член 70 и 71 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Комисија за жалби
Претседател,
Душко Арнаудовски

доставено до:
- ФК Дрита АД – Боговиње
- ФК Еуромилк - Скопје
- макфудбал
- архива на ФФМ

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 03-896/1**
**Скопје: 20.06.2013 година**

Врз основа на член 99 од Дисиплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија одлучувајќи по пријавата на комисијата за натпревари против Ардит Шаќири фудбалер на Ф.К.Шкендија, исклучен - пријавен по завршување на финалето на куп на Р.Македонија: Ф.К.Тетекс-Ф.К.Шкендија одигран на ден 26.05.2013 година на стадионот Арена Филип Втори во Скопје, согласно член 41 став 1 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 20.06.2013 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1.Фудбалерот на Ф.К.Шкендија од Тетово Ардит Шаќири се казнува со забрана на настап во траење од 12 (дванаесет) месеци.

2.Казната тече од 27.05.2013 година

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајќи по пријава на комисијата за натпревари на ФФМ,согласно член 99 од ДП на ФФМ а врз основа на изјавите на службените лица, како и дополнителните изјави дадени за финалниот куп натпревар:Ф.К.Тетекс-Ф.К.Шкендија одигран на ден 26.05.2013 година на стадионот Арена Филип Втори во Скопје, одлучи дека фудбалерот на Ф.К.Шкендија од Тетово Ардит Шаќири е виновен поради физички напад на помошниот судија и за обид за физички напад на главниот судија по завршување на натпреварот во теренот. При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите од Д.П. на ФФМ донесена е одлука како во диспозитивот.

**ПОУКА:** Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12.000,00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- ФК "Шкендија" - Тетово
- Архива
- Макфудбал

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Претседавач
Блерим Бесими с.р

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ФФМ 3 СКОПЈЕ

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 03-896/2**
**Скопје: 20.06.2013 година**

Врз основа на член 99 од Дисиплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија одлучувајќи по пријавата на комисијата за натпревари против Ф.К.Тетекс, за финалниот куп натпревар: Ф.К.Тетекс - Ф.К.Шкендија одигран - прекинат на ден 22.05.2013 година на стадионот Арена Филип Втори во Скопје, согласночлен 48 став а во врска со член 33 и 36 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 20.06.2013 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. Фудбалскиот клуб Тетекс од Тетово се казнува со парична казна од 2.500 (двеилјади и петстотини евра) во денарска противвредност на денот на уплатата поради неспортско однесување на своите навивачи, кои се една од причините за прекин на натпреварот.

2.Казната тече од 20.06.2013 година

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајќи по пријава на комисијата за натпревари на ФФМ,согласно член 99 од ДП на ФФМ а врз основа на изјавите на службените лица, како и дополнителните изјави дадени за финалето на куп натпреварот:Ф.К.Тетекс-Ф.К.Шкендија одигран-прекинат на ден 22.06.2013 година на стадионот Арена Филип Втори во Скопје ,неспортско однесување на своите навивачи на финалниот натпревар на купот на Р. Македонија при што беа изложени пароли,неспортсо навивање со дискриминаторски слогани,и фрлање на тврди прдмети и пиротехнички матерјал-бакљи, петарди во теренот, при што дојде до прекин на натпреварот. При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите од Д.П. на ФФМ донесена е одлука како во диспозитивот.

**ПОУКА:** Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12.000,00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- ФК "Тетекс" - Тетово
- Архива
- Макфудбал

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Претседавач
Блерим Бесими с.р

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 03-896/3**
**Скопје: 20.06.2013 година**

Врз основа на член 99 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија одлучувајќи по пријавата на комисијата за натпревари против Ф.К.Шкендија, за финалниот куп натпревар: Ф.К.Тетекс - Ф.К.Шкендија одигран - прекинат на ден 22.05.2013 година на стадионот Арена Филип Втори во Скопје, согласночлен 48 став а во врска со член 33 и 36 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 20.06.2013 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. Фудбалскиот клуб Шкендија од Тетово се казнува со парична казна од 2.500 (двеилјади и петстотини евра) во денарска противвредност на денот на уплатата поради неспортско однесување на своите навивачи, кои се една од причините за прекин на натпреварот.

2.Казната тече од 20.06.2013 година

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајќи по пријава на комисијата за натпревари на ФФМ,согласно член 99 од ДП на ФФМ а врз основа на изјавите на службените лица, како и дополнителните изјави дадени за финалето на куп натпреварот:Ф.К.Тетекс-Ф.К.Шкендија одигран-прекинат на ден 22.06.2013 година на стадионот Арена Филип Втори во Скопје ,неспортско однесување на своите навивачи на финалниот натпревар на купот на Р. Македонија при што беа изложени пароли,неспортсо навивање со дискриминаторски слогани,и фрлање на тврди прдмети и пиротехнички матерјал-бакљи, петарди во теренот, при што дојде до прекин на натпреварот. При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите од Д.П. на ФФМ донесена е одлука како во диспозитивот.

**ПОУКА:** Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12.000,00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- ФК "Шкендија" - Тетово
- Архива
- Макфудбал

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Претседавач
Блерим Бесими с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**Број 03-896/4**
**Скопје, 20.06.2013 година**

Врз основа на член 99 од Дисциплинскиот Правилник на Фудбалската Федерација на Македонија постапувајки по пријавата од Претседателот на телото за медицина и антидопинг, согласно на одредбите од член 103 од Дисциплинскиот Правилник на Фудбалската Федерација на Македонија, Дисциплинската комисија на Фудбалската Федерација на Македонија на ден 20.06.2013 година донесе:

# ОДЛУКА

- СЕ ПОВЕДУВА дисциплинска постапка против Ф.К "Вардар" од Скопје и против Вајс Мирослав фудбалер на Ф.К.Вардар од Скопје, а врз основа на предлогот доставен од страна на Претседателот на телото за спортска медицина и анти допинг – д-р. Илија Стоилов до Дисциплинскта комисија на ФФМ на ден 19.06.2013 година во кој предлог има доставено резултати од направената допинг контрола на првенствениот натпревар од прва МФЛ помеѓу екипите на Ф.К.Металург и Ф.К.Вардар одигран на ден 29.05.2013 година во кој анализи се пронајдени присаства на забранети супстанци.

- СЕ ЗАДОЛЖУВА Ф.К "Вардар" од Скопје - овластено лице на клубот, фудбалерот на Ф.К "Вардар" - Вајс Мирослав и лекарскиот тим на Ф.К "Вардар" да достават писмена изјава во врска со овој настан во рок од 3(три) дена од денот на приемот.

Врз основа на предлогот на Претседателот на телото за спортска медицина и анти допинг СЕ ПОТВРДУВА ПРЕДЛОГОТ ЗА СУСПЕНЗИЈА на фудбалерот Вајс Мирослав, а поради прекршување на антидопинг правилата.

Суспензијата тече од 19.06.2013 година.

- СЕ ЗАДОЛЖУВА овластено лице на Ф.К.Вардар од Скопје и Вајс Мирослав фудбалер на Ф.К.Вардар од Скопје да присаствуваат на состанокот на Дисциплинската комисија на ФФМ кој ќе се одржи на ден 03.07.2013 година (среда) во 11,00 часот во салата за состаноци во ФФМ .

Доставено до:
Ф.К." Вардар" – Скопје
Вајс Мирослав – фудбалер на Ф.К." Вардар" – Скопје
Лекарскиот тим на Ф.К "Вардар"
Макфудбал
Архива на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ФФМ 3 СКОПЈЕ

Дисциплинскла комисија на ФФМ
Претседател
Блерим Бесими с.р.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Број: **03-896/5**
**Прва лига : 2012 – 2013**
Скопје: **20.06.2013 година**

Врз основа на член 10 од Дисциплинскиот правилникот на ФФМ, Комисијата за натпревари на ФФМ на ден 20.06.2013 година донесе :

# Одлука

1. ФК "Пелистер" – Битола се казнува со автоматска парична казна од 100 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка на ФФМ **300000001599760 Комерцијална банка АД – Скопје**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави на знаење и извршување.

## Образложение

Комисијата за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од бараж натпреварот помеѓу: Ф.К. "Пелистер" од Битола - Ф.К. "Скопје" од Скопје, Филип Милемковски фудбалер на Ф.К. "Пелистер"со ИД бр. 102165 бил **исклучен во 90 минута од натпреварот поради недозволен старт – втор жолт картон.**

Доставено до :

- ФК "Пелистер" - Битола
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ.

Претседател на комисија за натпревари на ФФМ

***Васко Дојчиновски с.р.***

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 03-896/6**
**Скопје: 20.05.2013**

Врз основа на член 99 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари на ФФМ против Филип Милемковски фудбалер на Ф.К. "Пелистер" од Битола врз основа на член 36 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 20.06.2013 година донесе:

## О Д Л У К А

1. **Филип Милемковски фудбалер на Ф.К. "Пелистер" од Битола со ИД број 102165 се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 1 (еден) првенствен - куп натпревар.**
2. **Казната тече од 13.06.2013 година.**
3. **Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на комисијата за натпревари на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот на бараж натпреварот помеѓу: Ф.К. "Пелистер" (Битола) - Ф.К. "Скопје" (Скопје) одигран на ден 12.06.2013 година констатира: Филип Милемковски фудбалер на Ф.К. "Пелистер" од Битола, бил исклучен во 90 минута од натпреварот поради недозволен старт – втор жолт картон.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 3000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ф.К. "Пелистер" (Битола)
- Макфудбал
- Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ФФМ 3 СКОПЈЕ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**Број 03-896/7**
**Скопје, 20.06.2013 година**

Врз основа на член 99 од Дисциплинскиот Правилник на Фудбалската Федерација на Македонија постапувајки по пријавата од Комисијата за натпревари на ФФМ, согласно на одредбите од член 103 од Дисциплинскиот Правилник на Фудбалската Федерација на Македонија, Дисциплинската комисија на Фудбалската Федерација на Македонија на ден 20.06.2013 година донесе:

# ОДЛУКА

- СЕ ПОВЕДУВА дисциплинска постапка против Ф.К "Дрита" од Боговиње поради предвремено напуштање на теренот во 67 минута на бараж натпреварот за пополнување на прва МФЛ одигран на ден 12.06.2013 година во Штип, помеѓу екипите на Ф.К.Дрита - Ф.К.Еуромилк, поради што е предизвикан прекин на натпреварот.

- СЕ ЗАДОЛЖУВА Ф.К "Дрита" од Боговиње - овластено лице на клубот да достави писмена изјава во рок од 3(три) дена од денот на приемот.

Доставено до:
Ф.К."Дрита" - Боговиње
Макфудбал
Архива на ФФМ

Дисциплинска комисија
Претседател
**Блерим Бесими, с.р.**

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**Број 03-896/8**
**Скопје, 20.06.2013 година**

Врз основа на член 99 од Дисциплинскиот Правилник на Фудбалската Федерација на Македонија постапувајки по пријавата од Комисијата за натпревари на ФФМ, согласно на одредбите од член 103 од Дисциплинскиот Правилник на Фудбалската Федерација на Македонија, Дисциплинската комисија на Фудбалската Федерација на Македонија на ден 20.06.2013 година донесе:

# ОДЛУКА

- СЕ ПОВЕДУВА дисциплинска постапка против:

Претставникот на Ф.К.Дрита од Боговиње,
Шефот на стручниот штаб на Ф.К.Дрита од Боговиње и
Капитенот на Ф.К.Дрита од Боговиње,

поради предвремено напуштање на теренот во 67 минута на бараж натпреварот за пополнување на прва МФЛ одигран на ден 12.06.2013 година во Штип ,помеѓу екипите на Ф.К.Дрита-Ф.К.Еуромилк, поради што е предизвикан прекин на натпреварот.

- СЕ ЗАДОЛЖУВААТ погоре наведените лица да достават писмени изјави во рок од 3(три) дена од денот на приемот.

Доставено до:
Претставникот на Ф.К.Дрита од Боговиње
Шефот на стручниот штаб на Ф.К.Дрита од Боговиње
Капитенот на Ф.К.Дрита од Боговиње
Макфудбал
Архива на ФФМ

Дисциплинска комисија
Претседател
**Блерим Бесими, с.р.**

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**Број 03-896/9**
**Скопје, 20.06.2013 година**

Врз основа на член 99 од Дисциплинскиот Правилник на Фудбалската Федерација на Македонија постапувајќи по пријавата од Комисијата за натпревари на ФФМ, согласно на одредбите од член 103 од Дисциплинскиот Правилник на Фудбалската Федерација на Македонија, Дисциплинската комисија на Фудбалската Федерација на Македонија на ден 20.06.2013 година донесе:

# ОДЛУКА

- СЕ ПОВЕДУВА дисциплинска постапка против:

-Претставникот на Ф.К.Дрита од Боговиње (Бурахамедин Салиу) отстранет од терен по завршување на првото полувреме од страна на главниот судија поради неспортски однос -

-Помошниот тренер на Ф.К.Дрита од Боговиње (Амир Велиу) исто така отстранет од терен по завршување на првото полувреме од страна на главниот судија поради неспортски однос.

- СЕ ЗАДОЛЖУВААТ погоре наведените лица да доставаат писмени изјави во рок од 3 (три) дена од денот на приемот.

Доставено до:
Бурахамедин Салиу - Претставникот на Ф.К.Дрита од Боговиње
Амир Велиу - Помошниот тренер на Ф.К.Дрита од Боговиње
Макфудбал
Архива на ФФМ

Дисциплинска комисија
Претседател
**Блерим Бесими, с.р.**

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**Број 03-896/10**
**Скопје, 20.06.2013 година**

Врз основа на член 99 од Дисциплинскиот Правилник на Фудбалската Федерација на Македонија постапувајки по пријавата од комисијата за натпревари на ФФМ, согласно на одредбите од член 103 од Дисциплинскиот Правилник на Фудбалската Федерација на Македонија, Дисциплинската комисија на Фудбалската Федерација на Македонија на ден 20.06.2013 година донесе:

# ОДЛУКА

- СЕ ПОВЕДУВА дисциплинска постапка против фудбалерите на Ф.К.Дрита од Боговиње:
- Бурхан Мустафа со ИД број 102493 исклучен во 67 минута поради спречување на гол шанса при што е досуден казнен удар
- Иљикнур Џафери со ИД број 101531 исклучен во 67 минута поради неспортски однос.

- СЕ ЗАДОЛЖУВААТ погоре наведените лица да доставaт писмени изјави во рок од 3 (три) дена од денот на приемот.

Доставено до:
Бурхан Мустафа - фудбалер на Ф.К.Дрита од Боговиње
Иљикнур Џафери - фудбалер на Ф.К.Дрита од Боговиње
Макфудбал
Архива на ФФМ

Дисциплинска комисија
Претседател
**Блерим Бесими, с.р.**

3

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**Број 03-896/11**
**Скопје, 20.06.2013 година**

Врз основа на член 99 од Дисциплинскиот Правилник на Фудбалската Федерација на Македонија постапувајки по пријавата од Комисијата за натпревари на ФФМ, согласно на одредбите од член 103 од Дисциплинскиот Правилник на Фудбалската Федерација на Македонија, Дисциплинската комисија на Фудбалската Федерација на Македонија на ден 20.06.2013 година донесе:

# ОДЛУКА

- **СЕ ПОВЕДУВА** дисциплинска постапка против:

Фудбалерот на Ф.К.Тиверија од Струмица Истатов Стефан со ИД број 104540 пријавен по завршување на бараж натпреварот за пополнување на Втора МФЛ (Ф.К.Тиверија-Ф.К.Албарса) одигран на ден 15.06.2013 година во 16,30 часот на градскиот стадион во Штип,а поради удирање на противнички фудбалер.

Фудбалерот на Ф.К.Албарса од Скопје Лимани Аднан со ИД број 108606 пријавен по завршување на бараж натпреварот за пополнување на Втора МФЛ (Ф.К.Тиверија-Ф.К.Албарса) одигран на ден 15.06.2013 година во 16,30 часот на градскиот стадион во Штип,а поради удирање на противнички фудбалер.

Фудбалерот на Ф.К.Албарса од Скопје Ајдари Фљакрон со ИД број 104311 пријавен по завршување на бараж натпреварот за пополнување на Втора МФЛ (Ф.К.Тиверија-Ф.К.Албарса) одигран на ден 15.06.2013 година во 16,30 часот на градскиот стадион во Штип,а поради туркање на вториот помошен судија.

Тренерот на Ф.К.Албарса од Скопје Висар Ганиу одстранет од терен во 79 минута на бараж натпреварот за пополнување на Втора МФЛ (Ф.К.Тиверија-Ф.К.Албарса) одигран на ден 15.06.2013 година во 16,30 часот на градскиот стадион во Штип, а поради недолично однесување.

Тренерот на Ф.К.Албарса од Скопје Меритон Бериша одстранет од терен во 79 минута на бараж натпреварот за пополнување на Втора МФЛ (Ф.К.Тиверија-Ф.К.Албарса) одигран на ден 15.06.2013 година во 16,30 часот на градскиот стадион во Штип,а поради недолично однесување.

Претставникот на Ф.К.Албарса од Скопје Алиловски Суљо пријавен по завршување на бараж натпреварот за пополнување на Втора МФЛ (Ф.К.Тиверија-Ф.К.Албарса) одигран на ден 15.06.2013 година во 16,30 часот на градскиот стадион во Штип,а поради недолично однесување.

- **СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** погоре наведените лица да доставаат писмени изјави во рок од 3 (три) дена од денот на приемот.

Доставено до:
Истатов Стефан - фудбалер на Ф.К.Тиверија од Струмица
Лимани Аднан - фудбалер на Ф.К.Албарса од Скопје
Ајдари Фљакрон - фудбалер на Ф.К.Албарса од Скопје
Висар Ганиу - тренерот на Ф.К.Албарса од Скопје
Меритон Бериша - тренерот на Ф.К.Албарса од Скопје
Алиловски Суљо - претставник на Ф.К.Албарса од Скопје
Макфудбал
Архива на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ФФМ 3 СКОПЈЕ

Дисциплинска комисија
Претседател
**Блерим Бесими, с.р.**

FUDBALSKA FEDERACIJA NA MAKEDONIJA

Број : **03-2013 /ПИОН-ЗАП**

Датум : **19.06.2013 година**

Врз основа на член 24 точка од Статутот на ФФМ и член 5 и член од Пропозици за натпреварување во младинска - кадетска и пионерска конкуренција во организација на Фудбалската Федерација на Македонија, Комесарот за натпревари на ФФМ,постапувајќи по службена должност , на седницата одржана на ден **19.06.2013** година донесе:

***О Д Л У К А***

1. **СЕ УСВОЈУВА ВЕРИФИЦИРА ПРВЕНСТВЕНАТА ТАБЕЛА НА НАТПРЕВАРИ ВО ПИОНЕРСКА КОНКУРЕНЦИЈА ВО ПРВА ЛИГА-ЗАПАДЕН РЕГИОН ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ЗА СЕЗОНА 2012-2013 ГОДИНА , СО КОЈА ПРВАК ВО ПРВА ЛИГА-ЗАПАДЕН РЕГИОН ВО ПИОНЕРСКА КОНКУРЕНЦИЈА Е ЕКИПАТА НА Ф.К. "СКОПЈЕ" – ОД СКОПЈЕ СО ОСВОЕНИ 55 БОДА.**

2. **ОДЛУКАТА ДА СЕ ДОСТАВИ НА ЗНАЕЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ И ДА СЕ ОБЈАВИ ВО СЛУЖБЕНОТО ГЛАСИЛО НА ФФМ – МАК ФУДБАЛ**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Комесарот за натпревари на ФФМ, по разгледување на целокупната документација како и записниците од сите натпревари во Пионерска конкуренција во Прва лига- ЗАПАДЕН регион кои се регистрирани со постигнатите резултати, по одиграните 22 - коло од првенството 2012/2013 кои се одиграни од **01.09.2012 до 02.06.2013** година, утврди дека **ФК „СКОПЈЕ**" од СКОПЈЕ е победник на лигата.

При вака утврдената фактичка состојба и со примена на одредбите на Правилникот за натпревари на ФФМ донесов Одлука како во диспозитивот.

**Поука:** Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12.000.оо ден.на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**

- ФК "СКОПЈЕ"
- До сите Ф.К. Прва лига- ЗАПАД
- Макфудбал
- Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА**
**НА МАКЕДОНИЈА**
Комесар за натпревари за млади
категори
Васко Дојчиновски с.р.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број : **03-2013 /КАД-ЗАП**
Датом : **19 .06. 2013 година**

Врз основа на член 24 точка од Статутот на ФФМ и член 5 и член од Пропозици за натпреварување во младинска - кадетска и пионерска конкуренција во организација на Фудбалската Федерација на Македонија, Комесарот за натпревари на ФФМ,постапувајќи по службена должност , на седницата одржана на ден **19.06.2013** година донесе:

***О Д Л У К А***

1. **СЕ УСВОЈУВА ВЕРИФИЦИРА ПРВЕНСТВЕНАТА ТАБЕЛА НА НАТПРЕВАРИ ВО КАДЕТСКА КОНКУРЕНЦИЈА ВО ПРВА ЛИГА-ЗАПАДЕН РЕГИОН ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ЗА СЕЗОНА 2012-2013 ГОДИНА , СО КОЈА ПРВАК ВО ПРВА ЛИГА-ЗАПАДЕН РЕГИОН ВО КАДЕТСКА КОНКУРЕНЦИЈА Е ЕКИПАТА НА Ф.К. "ВАРДАР-2" – ОД СКОПЈЕ СО ОСВОЕНИ 55 БОДА.**

2. **ОДЛУКАТА ДА СЕ ДОСТАВИ НА ЗНАЕЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ И ДА СЕ ОБЈАВИ ВО СЛУЖБЕНОТО ГЛАСИЛО НА ФФМ – МАК ФУДБАЛ**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Комесарот за натпревари на ФФМ, по разгледување на целокупната документација како и записниците од сите натпревари во Кадетска конкуренција во Прва лига- ЗАПАДЕН регион кои се регистрирани со постигнатите резултати, по одиграните **22** коло од првенството во кадетска конкуренција сезона 2012/2013 кои се одиграни од **01.09.2012 до 02.06.2013** година, утврди дека ФК **„ВАРДАР-2"** од СКОПЈЕ е победник на лигата.

При вака утврдената фактичка состојба и со примена на одредбите на Правилникот за натпревари на ФФМ донесов Одлука како во диспозитивот.

**Поука:** Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12.000.оо ден.на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**

- ФК "ВАРДАР-2"
- До сите Ф.К. Прва лига- ЗАПАД
- Макфудбал
- Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Комесар за натпревари за млади категори
Васко Дојчиновски с.р.

ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ФУДБАЛСКА ФФМ СКОПЈЕ

О. Ф. С СКОПЈЕ
СЕВЕРНА ТРЕТА ЛИГА
Бр. 86
14.06.2013 год.
СКОПЈЕ

Конечна табела Трета лига Север
Натпреварувачка 2012-2013

| | Екипа | Коло | Победи | Нереш | Порази | Дадени голови | Примени голови | Гол Разлик | Бодови | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Албарса** | **28** | **23** | **4** | **1** | **80** | **26** | **54** | **73** | |
| 2 | Башкими 1947 | 28 | 22 | 1 | 5 | 69 | 23 | 46 | **67** | |
| 3 | Кадино | 28 | 14 | 2 | 12 | 60 | 55 | 5 | **44** | |
| 4 | Гоблен Јуниор | 28 | 14 | 2 | 12 | 51 | 38 | 13 | **44** | |
| 5 | Сарај | 28 | 14 | 2 | 12 | 55 | 40 | 15 | **44** | |
| 6 | Шкендија | 28 | 14 | 1 | 13 | 49 | 46 | 3 | **43** | |
| 7 | Фортуна | 28 | 13 | 2 | 13 | 46 | 42 | 4 | **41** | |
| 8 | Беса | 28 | 13 | 0 | 15 | 55 | 52 | 3 | **39** | |
| 9 | Илинден | 28 | 12 | 1 | 15 | 43 | 72 | -29 | **37** | |
| 10 | Алумина | 28 | 10 | 6 | 12 | 34 | 37 | -3 | **36** | |
| 11 | Раштак | 28 | 12 | 3 | 13 | 43 | 52 | -9 | **36** | **-3** |
| 12 | Трубарево | 28 | 10 | 5 | 13 | 38 | 55 | -17 | **35** | |
| 13 | Драчево | 28 | 9 | 5 | 14 | 38 | 53 | -15 | **29** | **-3** |
| 14 | Славија | 28 | 7 | 3 | 18 | 41 | 60 | -19 | **24** | |
| 15 | Бутел | 15 | 4 | 1 | 10 | 14 | 27 | -13 | **10** | **-3** |
| 16 | Марино | 15 | 0 | 2 | 13 | 11 | 49 | -38 | **-1** | **-3** |
| | **Вкупно:** | **422** | **191** | **40** | **191** | **727** | **727** | **0** | | |

О. Ф. С. СКОПЈЕ ТРЕТА ЛИГА
СЕВЕР

Комисија за натпревари
Претседател,
Душко Мандаровски

**СТРУЧНО ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ "МАКФУДБАЛ"**
*е стручно информативен лист на*
*ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА*
*излегува секој ПОНЕДЕЛНИК во неделата*

**Адреса: ФУДБАЛКСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
*Ул. "8-ма Ударна Бригада" бр. 31-а*
*ПОШТЕНСКИ ФАХ 84*
*1000 СКОПЈЕ*
*со ознака "ЗА МАКФУДБАЛ"*

*ЖИРО СМЕТКА*
**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
*200002504170131- Стопанска банка АД Скопје*
*300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје*
*Даночен број 4030992177382*

**РЕДАКЦИСКИ ОДБОР НА "МАКФУДБАЛ"**